Врз основа на член 17 став 4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Р.М“) бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и 153/2019), Советот на Општина Дојран на седница одржана на ден **30.12.2019** година донесе ,

**О Д Л У К А**

За започнување постапка за доделување договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за финансирање, проектирање, стопанисување, одржување, изградба реконструкција и обнова на системот за водоснабдување и третман на отпадни води во општина Дојран

**Член 1**

Општина Дојран, во согласност со стратешките цели за локален економски развој и со цел подигнување на квалитетот на живот на граѓаните, покрена иницијатива за модернизирање на системот за водоснабдување и собирање и третман на урбани отпадни води на територијата на општината.

Со оваа одлука се започнува постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство (ЈПП) за модернизирање на системот за водоснабдување и собирање и третман на урбани отпадни води на територијата на Општина Дојран.

**Член 2**

Општина Дојран треба да го надогради и модернизира системот за водоснабдување и собирање и третман на урбани отпадни води на територијата на општината со цел да обезбеди подобар квалитет на јавна услуга во областа на водните услуги.

Начинот на организирање на услугата и начинот на кој во моментов се одржува системот за водни услуги на територија на општината е на ниво што бара подобрување во однос на квалитетот и квантитетот.

Поради високиот технолошки и оперативен ризик од една страна, и финансиските можности (тешкотии) на општината од друга страна, општината не е во состојба сама да спроведе проект за модернизација на системот за водоснабдување и собирање и третман на урбани отпадни води на територија на општината и зголемување на квалитетот на јавните услуги без воспоставување на ЈПП со приватен партнер кој ќе преземе целосно обврски за финансирање, проектирање, стопанисување, одржување, изградба, реконструкција и обнова на системот за водоснабдување и третман на отпадни води во рамките на оперативниот период на ЈПП проект.

**Член 3**

Целите што е предвидено да се исполнат со спроведувањето на ЈПП проектот за модернизација на системот за водоснабдување и третман на отпадни води во Општина Дојран вклучуваат:

- Оперативни трошоци прилагодени на барањата за добро управувани услуги;
- Намалување на неприходуваната вода до достигнување на ниво на одржливост(околу 22%);
- Драстично намалување на ненаплатените износи на помалку од 5% ;
- Вкупна инвестиција од 8.102 милиони евра за период од 30 години;
- Тарифна структура составена од фиксен надомест плус променлив надомест според потрошувачката и според типот на корисник, врз основа на критериумот за ненадминување на нивото на финансиска достапност за просечниот годишен семеен приход, како што е предвидено во Препораката на Регулаторната комисија за енергетика и

водни услуги на Република Северна Македонија во однос на праговите на достапност на цените за водни услуги.

**Член 4**

Предмет на Договорот за ЈПП е модернизацијата на системот за водни услуги во Општина Дојран преку модел на јавно-приватно партнерство (ЈПП) со следниов опсег на инвестиции и активности:

| Бр. | **Вид на проект** | **Име на проектот** | **Вредност во ЕУР** |
|---|---|---|---|
| 1 | WWC | Канализација за фекални отпадни води за населбата**Црничани**, општина Дојран | 260.000 |
| 2 | WWT | Изградба и одржување на компактна пречистителна станица за населбата **Црничани**, општинаДојран | 280.000 |
| 3 | WWC | Канализација за фекални отпадни води за населбата **Фурка**, општина Дојран | 480.000 |
| 4 | WWT | Изградба и одржување на компактна пречистителна станица за населбата **Фурка**, општина Дојран | 420.000 |
| 5 | WWC | Изградба на мрежа за отпадни водина Стар Дојран и Нов Дојран | 480.000 |
| 6 | WS | Набавен цевковод за дополнително водоснабдување на **Нов Дојран и Стар Дојран** од постоечката површинска вода од хидросистемот Дојранско Езеро | 431.000 |
| 7 | WS | Основен проект за замена на водоводната мрежа | 2.200.000 |
| 8 | WS | Основен проект за замена на мрежата за отпадни води | 900.000 |
| 9 | WWTP | ПСОВ "Топлец" Рехабилитација и одржување | 700.000 |
| 10 | WS | Поправка на резервоар | 26.000 |
| 11 | WWC | Канализациски систем за фекални отпадни води за населбата **Николиќ**, општина Дојран | 575.000 |
| 12 | WWT | Изградба и одржувањена компактна пречистителна станицаза населбата**Николиќ**, општина Дојран | 325.000 |
| 13 | WS | Замена на броила | 210.000 |
| 14 | WS | Намалување на неприходувана вода | 75.000 |
| 15 | WS WWC | ГИС | 85.000 |
| 16 | WS WWC WWTP | Скада/Телеметрија | 60.000 |
| 17 | | Хардвер и софтвер | 100.000 |
| 18 | | Основни алатки и опрема | 110.000 |
| 19 | | Дизајн и надзор | 385.000 |
| | | **ВКУПНО** | **8.102.000** |

**Член 5**

Проценетата инвестициска вредност на Договорот за воспоставување на ЈПП се пресметува врз основа на анализата на трошоци и придобивки од Физибилити студијатаи изнесува 8.102.000,00 (осум милиони сто и двеилјади) евра без ДДВ, а нејзината конечна вредност ќе биде утврдена во Одлуката за избор на приватен партнерврз основа на вредноста

постигната во рамки на постапка на јавно наддавањешто, исто така, ќе биде утврдена во Договорот за ЈПП.

**Член 6**

Договорот за воспоставување на ЈПП се воспоставува како комбиниран договор, т.е.концесија за јавна работа концесија за јавна услуга кој се потпишува со Приватниот партнер кој ќе биде избран како понудувач со најдобра финансиска понуда утврден со одлуката за избор.

Договорот за воспоставување на ЈПП се заснова на принципот на финансирање, проектирање, стопанисување, одржување, изградба, реконструкцијаи обнова на системот за водоснабдување и собирање и третман на урбани отпадни води.

**Член 7**

Време траењето на договорот за ЈПП е фиксен и се утврдува на 30 години, а започнува да тече од датумот на потпишување на договорот за ЈПП.

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство се спроведува во рамки на отворена постапка во согласност со Законот за концесии и јавно-приватно партнерство (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 6/2012, 144/2014, 33/2015, 104/2015, 215/2015 и 153/19) и Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 24/2019) во рок од најмногу 10 (десет) месеци од датумот на влегување во сила на оваа Одлука.

**Член 8**

Градоначалникот на Општина Дојран е овластен, по влегувањето во сила на оваа Одлука, да формира Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство, составена од претседател и најмалку 4 (четири) члена и нивни заменици од редовите на општинската администрација и надворешни експерти.

Комисијата е должна да подготви, организира и спроведе постапка за доделување на договор за ЈПП (подготовка на тендерска документација, објавување на јавен повик за доделување на договор за ЈПП, проценка на понудата, изготвување извештај за проценка, предлог-одлука за избор на приватен партнер, изготвување на договор во согласност со одредбите на оваа одлука), како и да преземе други активности поврзани со спроведувањето на постапката за доделување на договор за ЈПП со избраниот понудувач, по донесувањето на Одлуката на Советот за избор на приватниот партнер во согласност со Законот за концесии и ЈПП.

**Член 9**

Надоместокот за подигање на тендерската документација изнесува 15.000,00 денари.

**Член 10**

Одлуката се објавува во „Службен гласник на Општина Дојран ", и на веб-страницата на општината.

**Член 11**

Ова Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дојран".

Бр.08 - 1198/9
30.12.2019 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ристо Цинев